# Старателство

*Донесување одлуки за личниот живот и начинот на живот за возрасно лице кога самото не е во состојба*

Guardianship - Macedonian

## Што е тоа старателство и како функционира?

Старателство е назначување на лице (‘старател’) за да донесува решенија во име на возрасно лице со онеспособеност (‘претставувано лице’) кога тоа ја нема таа способност.

Сите возарсни лица постари од 18 години, независно од онеспособеноста имаат право да денесуваат решенија самите. Ова е случај кога тие имале способност да донесуваат решенија самите, назначиле лице да биде нивен старател со долготрајно полномошно за старателство и сега ја изгубиле способноста да донесуваат такви решенија за кои го назначиле старателот.

Исто така, старател може да се назначи со поднесување барање до Guardianship List при Victorian Civil and Administrative Tribunal (VCAT).

VCAT го сослушува случајот и, ако е потребно, назначува старател за да донесува определени решенија.

Старателот донесува решенија за начинот на живот на претставуваното лице, на пример каде ќе живее и кој може да има пристап до нив, според условите од пресудата.

Решенијата на старателот имаат иста правна тежина како да ги направило претставуваното лице.

## Кога е потребно старателство?

Често пати погрешно се претпоставува дека родителите или згрижувачите на лица со онеспособеност се нивни старатели. Луѓето со онеспособености треба да се потикнуваат и подржуваат да донесуваат решенија самите за себе.

Меѓутоа, старател е потребен кога:

- лице кое има онеспособеност е во опасност зашто не може да донесува решенија за нивниот начин на живот, на пример, каде ќе живеат
- треба да се донесе одлука во нивно име.

Старател може да се назначи кога постои неразрешен конфликт меѓу лице со онеспособенст и пружател на услуга, семејството или пријателите, или во случај на само-запоставување.

## Кој назначува старател?

VCAT назначува старател. Тие мора да бидат убедени дека претставуваното лице:

- има онеспособеност
- не е во состојба да донесува разумни лични и решенија за начинот на живот заради онеспособеноста
- треба да донесе одлуки, и нема помалку ограничувачки начин тоа да се направи отколку со назначување на старателн
- има потреба од некој да делува во негов најдобар интерес.

## Кој може да биде старател?

VCAT може да назначи поединец/ци, обично некој роднина или пријател, како старател. VCAT настојува да назначи старател кој е запознат со вредностите и верувањата на претставуваното лице, со она што сака и што не сака. VCAT мора да биде убеден дека старателот ќе делува во најдобар интерес на претставуваното лице.

Кога се решава кој да биде назначен, VCAT мора да ги земе предвид желбите на претставуваното лице, ако можат да се дознаат, како и желбите на семејството и заинтересираните странки.

Ако нема никој достапен или има потреба од независно лице заради несогласување меѓу семејството или пријателите за тоа што е најдобро за претставуваното лице, може да се назначи Public Advocate.

## Какви решенија може да донесува старател?

Какви решенија може да донесува назначен старател ќе зависи од пресудата (или решението) донесено од VCAT.

Ограничено решение ги наведува личните и решенијата за начинот на живот кои старателот може да ги донесува. Тоа може да вклучува решенија за сместување, медицински и забни лекувања и друг вид на здравствена грижа, или пристап до услуги.

Потполна пресуда му овозможува на старателот да ги донесува сите решенија за начинот на живот со следниве исклучоци:

## Медицинско и забно лекување

‘Одговорното лице’ може да даде согласност за медицинско и забно лекување (старател може да биде одговорното лице). Погледнете го информативниот лист на OPA *Медицинско/Забно лекување за пациенти кои не можат да одлучуваат за себе* за повеќе информации.

**Office of the Public Advocate**
Level 5, 436 Lonsdale Street, Melbourne, Victoria 3000
PO Box 13175 Law Courts, Victoria 8010. DX 210293
Локален повик: 1300 309 337 TTY: 9603 9529 Телефакс: 1300 787 510
**www.publicadvocate.vic.gov.au**

The Victorian Civil and Administrative Tribunal
Guardianship List
55 King Street, Melbourne, Victoria 3000
Тел: (03) 9628 9911 Телефакс: (03) 9628 9932
Бесплатен повик: 1800 133 055
www.vcat.vic.gov.au

Нема потреба да се бара да се биде старател за да се донесуваат такви одлуки ако веќе има соодветно одговорно лице (на пимер, близок член на семејството или неплатен згрижувач).

Ако некое лице назначило претставник со долготрајно полномошно (лекување), или ако VCAT назначило друго лице да донесува одлуки во врска со предложеното лекување, тогаш тие ќе превагнат над старателот како ‘одговорно лице’.

## Какви решенија не може да донесува старател?

Старател не може да донесува решенија за финансиите на преттставуваното лице. За повеќе информации прочитајте го информативниот лист на OPA *Администрација*.

Старател не може да донесува решенија за ‘специјални постапки’, како прекинување на бременост или постапка која води кон трајна неплодност. Мора да се поднесе барање до VCAT за вакви одлуки и само VCAT може да дозволи специјални постапки.

## Кои се одговорностите на старател?

Старател мора да донесува одлуки кои се во најдобар интерес на претставуваното лице. Тоа значи тој:

- мора да го заштитува претставуваното лице од повреда, експлоатација и занемарување
- да ги следи желбите на претставуваното лице
- да го застапува
- да го охрабрува да донесува сопствени решенија секогаш кога тоа е можно.

## Каква е постапката за назначување старател?

Да се бара назначување на старател треба да се добие формулар од VCAT. Формуларот може да се побара по телефон, по пошта, или да се симне од интернет страната на VCAT на www.vcat.vic.gov.au. Врска со формуларот ќе најдете на интернет страната на OPA на www.publicadvocate.vic.gov.au

Се препорачува да се јавите на OPA’s Advice Service на 1300 309 337 за да разговарате дали старателството е неопходно и какви дополнителни работи треба да се достават.

Откако ќе го добиете формуларот VCAT ќе закаже ден за расправа. Итните барања ќе бидат разгледани колку што е можно побрзо, додека останатите во рок од 30 дена.

## Расправа во VCAT

VCAT е помалку формален отколку судовите. Ако некој не може да дојде на расправа, VCAT може да се согласи да ги разгледа доказите преку телефон.

VCAT не е обврзан со правни правила за доказите и нема формална правна постапка. Меѓутоа, расправите мора да одговараат на принципите на природната правда (да бидат праведни и непристрасни).

Правно застапување пред VCAT не е потребно, иако луѓе кои присуствуваат на расправите може да побараат од VCAT да им дозволи да доведат адвокат.

## Итни пресуди

OPA и VCAT имаат служба за итни случаи која работи 24 часа. Ако VCAT смета дека случајот е итен (ако постои значителна опасност за животот на некого), може да донесе привремена пресуда во траење до 21 ден. Пресудата може да се продолжи за уште 21 ден. Пред крајот на пресудата VCAT мора да одржи расправа за да реши дали е потребно старателство.

## Траење на пресудата

Пресуда може да трае најмногу три години. Сите пресуди се преразгледуваат од страна на VCAT во рокот од три години и може да бидат укинати ако е потребно.

Ако претставуваното лице почине, и пресудата завршува.

## Повторни расправи

Ако некој смета дека VCAT донел погрешна одлука, може да бара повторна расправа во рок од 28 дена од првобитната одлука.

## Пресуди од други држави

Можно е да се регистрира пресуда за старателство од Викторија во друга држава и обратно. За повеќе информации контактирајте ја OPA.

## Заштита

Старателите се одговорни пред VCAT за решенијата кои ги донесуваат. Следните мерки помагаат старателите да делуваат во најдобар интерес на претставуваното лице:

- старател може да побара совет од VCAT во секое време
- со закажување на состанок приватен старател може да ја контактира OPA за информации и подршка за приватно старателство
- секое лице кое верува дека старател не делува во најдобар интерес на претставуваното лице може да бара преразгледување до VCAT
- ако Public Advocate бил назначен за старател, жалбите може да се поднесат до OPA. Контактирајте ја OPA за повеќе информации.

**The Office of the Public Advocate** е независно тело основано од страна на Владата на Викторија. Тоа работи на промовирање на интересите, човечките права и достоинството на жителите на Викторија со онеспособености. Тоа пружа информации, совети, образување и помош со застапништво, старателство, полномошна и согласности за лекување и забни постапки.

**The Office of the Public Advocate** подржува три доброволни програми, Community Visitors Program, Independent Third Persons Program и Community Guardianship Program. Community Visitors го надгледува квалитетот на услугите за онеспособени лица заради заштита на правата на овие луѓе. Independent Third Persons обезбедува подршка за луѓе со когнитивна онеспособеност или ментална болест кои имаат контакт со полицијата. Community Guardians се доброволци назначени како старатели за луѓето во Викторија со когнитивна онеспособенст кои не можат да донесуваат решенија за себе си.

**За повеќе информации појдете на:**
**www.publicadvocate.vic.gov.au**
или јавете се на нашата линија за совети на 1300 309 337 (по цена на локален повик).

08/09